**СПИСОК НА ЗАБРАНЕТИ ПРЕДМЕТИ**

*согласно*

УРЕДБА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ОД ДЕЈСТВИЈА НА НЕЗАКОНСКО ПОСТАПУВАЊЕ

(AVIATION SECURITY)

*(Сл. Весник на РСМ бр. 282/21)*

Агенција за цивилно воздухопловство

***СПИСОК НА ЗАБРАНЕТИ ПРЕДМЕТИ ВО БЕЗБЕДНОСНО ОГРАНИЧЕНИ ЗОНИ И ВО ВОЗДУХОПЛОВИТЕ***

1. Без да е во спротивност со важечките правила за безбедност, на патниците им се забранува да ги внесуваат следниве предмети ***во безбедносно ограничените зони и во воздухопловите***:

(а) пушки, огнено оружје и други уреди кои исфрлаат проектили - уреди кои можат или се претпоставува дека можат да се користат за предизвикување на сериозни повреди преку исфрлање на проектили, вклучувајќи:

— сите видови огнено оружје како што се: пиштоли, револвери, пушки, сачмарки,

— играчки пушки, копии и имитации на огнено оружје, кои може да се помешаат со вистинско оружје,

— составни делови на огнено оружје со исклучок на телескопски мерници,

— пушки со компримиран воздух и со CO2, како што се воздушни пушки, сачмарки и пушки кои исфрлаат зрна,

— сигнални пиштоли и пиштоли за означување на старт,

— лакови, самострели и стрели,

— харпун и стрели за риболов,

— камшици и катапулти;

(б) уреди за зашеметување - уреди наменети специјално за зашеметување или онеспособување, вклучувајќи:

— уреди кои предизвикуваат шок, како што се пушки за зашеметување, оружје што предизвикува електрошок и електрични палки,

— средства за зашеметување и за убивање на животни,

— секакви хемикалии, гасови и спрејови, кои предизвикуваат онеспособување или зашеметување, на пример спреј „Мејс“, спреј со екстракт од лута пиперка, солзавец, кисели спрејови и спрејови против животни;

(в) предмети со остар врв или остар раб - предмети со остар врв или остар раб, кои можат да бидат употребени за предизвикување на сериозни повреди, вклучувајќи:

— предмети наменети за сечење, како што се: секири, секирчиња и сатари,

— секирче за мраз и шило за мраз,

— жилети,

— скалпели,

— ножеви со сечила подолги од 6 cm,

— ножици со сечила подолги од 6 cm, мерени од точката на поврзување на сечилата,

— предмети од опрема за боречки вештини со остар врв или остар раб,

— мечеви и сабји;

(г) занаетчиски алатки - алатки кои можат да бидат употребени за предизвикување на сериозна повреда или можат да ја загрозат безбедноста на воздухопловот, вклучувајќи:

— хебли,

— дупчалки и бургии од дупчалки, вклучувајќи преносни безжични дупчалки,

— инструменти со сечило или оска со должина над 6 cm, кои можат да се користат како оружје, на пример шрафцигери и длета,

— пили, вклучувајќи преносни безжични моторни пили,

— апарати за заварување,

— пиштоли за завртки и пиштоли за шајки;

(д) тапи инструменти - предмети кои можат да бидат употребени за предизвикување на сериозна повреда при нанесување на удар со нив, вклучувајќи:

— палки за бејзбол и софтбол,

— палки и пендреци, на пример полициски палки, палки и др.,

— опрема за боречки вештини;

(ѓ) експлозиви и запаливи супстанции и уреди — експлозиви и запаливи супстанции и уреди кои можат или се претпоставува дека можат да се користат за предизвикување на сериозни повреди или за закана за безбедноста на воздухопловот, вклучувајќи:

— муниција,

— капсули,

— детонатори и фитили,

Агенција за цивилно воздухопловство

— копии или имитации на експлозивни направи,

— мини, гранати и други експлозивни воени уреди,

— огномет и други пиротехнички средства,

— канистри и кертрици за производство на чад,

— динамит, барут и пластични експлозиви.

***СПИСОК НА ЗАБРАНЕТИ ПРЕДМЕТИ ВО РЕГИСТРИРАН БАГАЖ***

2. Патниците во својот ***регистриран багаж*** не смеат да ги носат следните предмети: експлозиви и запаливи супстанции и уреди - експлозиви и запаливи супстанции и уреди кои можат да се користат за предизвикување на сериозни повреди или за закана за безбедноста на воздухопловот, вклучувајќи:

— муниција,

— капсули,

— детонатори и фитили,

— мини, гранати и други експлозивн воени уреди,

— огномет и други пиротехнички средства,

— канистри и кертрици за производство на чад,

— динамит, барут и пластични експлозиви.

Агенција за цивилно воздухопловство